# ЗАПИСНИК

## од 3-та седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС

Скопје, 19 септември, 2013 г.

# ЗАПИСНИК

од 3-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 19 септември, 2013 г.

**<u>Присутни</u>**: Коце Трајановски, Невзат Бејта, Зоран Дамјановски, Фатмир Дехари, Изет Меџити, Владимир Талески, Билјана Беличанец – Алексиќ, Теута Арифи, Славчо Чадиев,Тони Трајковски, Дарко Митевски, Азем Садики, Зоран Тасев, Марјан Ристески, Мукрем Мехмеди, Љупчо Колев, Жика Стојановски

**<u>ДИСКУСИЈА</u>**:

Управниот одбор го разгледа Предлог – Дневниот ред и заклучи да го измени истиот со додавање на прва точка:

1. Информација од Комисијата за организирање на ЗЕЛС ЕКСПО 2013

   По ова точка беа поканети на координација претставници од Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за странски инвестиции, Дирекција за технолошко-индустриски зони, претставник од кабинетот на министерот Веле Самак.

Управниот одбор го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација од Комисијата за организирање на ЗЕЛС ЕКСПО 2013;
2. Избор на членови во делегацијата на Република Македонија во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа;
3. Избор на членови во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија;
4. Избор на делегати во Генералното собрание на НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти во југоисточна Европа);
5. Избор на членови на Комитетот за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија;
6. Избор на членови на Комитет на советите при ЗЕЛС;
7. Усвојување на текстот на Меморандумот за соработка со Комисија за слободен шристап до информации од јавен карактер;
8. Иницијатива за соработка на компанија од Холандија со општини од Македонија, на тема Интегрирано урбанистичко планирање;
9. Иницијатива за соработка на општините со Полска стопанска комора;
10. Усвојување на текстот на договорот помеѓу ЗЕЛС и ОРФ за реализација на проектот БФЦ – СЕЕ (Бизнис пријателска сертификација);
11. Усвојување на текстот на договорот помеѓу ЗЕЛС и ССК за реализација на проектот БФЦ – СЕЕ ( Бизнис пријателска сертификација);
12. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Информација од Комисијата за организирање на ЗЕЛС ЕКСПО 2013;

По оваа точка образложение даде Претседателот на Комисијата за организирање на ЗЕЛС ЕКСПО 2013, г-дин Марјан Ристески, градоначалник на општина Прилеп. Имено, на 18.09.2013 комисијата одржа состанок на кој беше одлучено саемот да се одржи во последната недела од месец ноември, додека тема на саемот да биде: Инвестиции во општините. Заради оваа цел, Комисијата одлучи при организирање на овогодинешниот Саем на општини да се поканат сите релевантни институции кои придонесуваат во потикнување на странски инвестиции, а во насока на мобилизирање на поголем број на странски инвеститори пред кои општините би ги претставиле нивните најзначајни проекти и можности. Како такви институции беа идентификувани: Министерството за надворешни работи, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Агенција за странски инвестиции, Дирекција за технолошко-индустриски зони кои и беа поканети на седницата да дадат свое мислење за оваа идеја.

Иницијативата беше поздравена од сите институции и беше дадена отворена поддршка за организирање на саемот. Од страна на г-дин Виктор Мизо, директор на ДТИРЗ беше предложено одложување на саемот за следната година од причина што во 8-10 октомври во Охрид е планирано одржување на Глобален инвестициски самим, имено настан со слична природа што би значело преклопување на настани со слична тематика.

ЗАКЛУЧОК 1: УО на ЗЕЛС заклучи одложување на саемот на општините ЗЕЛС ЕКСПО за следната година. Комисијата за организирање се задолжува да изработи Акциски план за организирање на ЗЕЛС ЕКСПО и динамиката на средби да биде еднаш месечно,при што за секоја седница на УО на ЗЕЛС да подготвува кратка информација од заклучоците од работата на оваа Комисија. Покрај постојните членови од редовите на ЗЕЛС, на истата да се приклучат и номинираат членови од релевантните институции присутни на состанокот,како и претставнициод Стопанските комори во Република Македонија.

ВТОРА ТОЧКА: Избор на членови во делегацијата на Република Македонија во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа.

Управниот одбор ги предложи следниве членови во делегацијата на Република Македонија во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа.

**ДЕЛЕГАТИ:**

1. **г. Сокол Митровски,** Градоначалник на општина Ѓорче Петров
2. **г-ѓа. Теута Арифи,** Градоначалник на општина Тетово
3. **г. Стевчо Јакимовски,** Градоначалник на општина Карпош

**ЗАМЕНИЦИ:**

1. **г-ѓа Ирена Мишева,** Претседател на Совет на Град Скопје
2. **г-ѓа Жанета Чаушевска,** Градоначалник на општина Градско
3. **г. Ружди Љата,** Градоначалник на општина Дебар

Предлогот беше едногласно усвоен.

ОДЛУКА 1: Претставници на ЗЕЛС во делегацијата на Република Македонија во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа се избираат:

**ДЕЛЕГАТИ:**

**1. г. Сокол Митровски,** Градоначалник на општина Ѓорче Петров
**2. г-ѓа. Теута Арифи,** Градоначалник на општина Тетово
**3. г. Стевчо Јакимовски,** Градоначалник на општина Карпош

**ЗАМЕНИЦИ:**

**1. г-ѓа Ирена Мишева,** Претседател на Совет на Град Скопје
**2. г-ѓа Жанета Чаушевска,** Градоначалник на општина Градско
**3. г. Ружди Љата,** Градоначалник на општина Дебар

ТРЕТА ТОЧКА: Избор на членови во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.

Управниот одбор ги предложи следниве членови во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија

**ДЕЛЕГАТИ:**

1. **ИВИЦА КОНЕВСКИ, Градоначалник на општина Аеродром**
2. **РАТКО ДИМИТРОВСКИ, Градоначалник на општина Кочани**
3. **ПЕТРЕ ЛАТИНОВСКИ, Градоначалник на општина Бутел**
4. **ИВАН ФРАНГОВ, Градоначалник на општина Гевгелија**
5. **ГОРГИ ДАМЧЕВСКИ, Градоначалник на општина Крушево**
6. **ГОКО СТРЕЗОВСКИ, Градоначалник на општина Ресен**
7. **ЛАЗАР КОТЕВСКИ, Градоначалник на општина Новаци**
8. **БЕКИМ МУРАТИ, Градоначалник на општина Сарај**
9. **ХИСЕН ЦЕМАИЛИ, Претседател на совет на општина Тетово**
10. **ХАЗБИ ИДРИЗИ, Градоначалник на општина Боговиње**
11. **АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ, Градоначалник на општина Центар**

**ЗАМЕНИЦИ-ДЕЛЕГАТИ:**

1. **АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ, Градоначалник на општина Крива Паланка**
2. **МИЛОСИМ ВОЈНОВСКИ, Градоначалник на општина Македонски Брод**
3. **САШО НИКОЛОВ, Градоначалник на општина Радовиш**
4. **ВАНЧО СТОЈАНОВ, Градоначалник на општина Василево**
5. **БОРЧЕ МИТЕВСКИ, Градоначалник на општина Петровец**

6. **СТЕВЧЕ ТРПКОВСКИ, Градоначалник на општина Сопиште**
7. **ЦВЕТОМИР УГРИНОВСКИ, Градоначалник на општина Вевчани**
8. **ИГОР ПОПОВСКИ, Градоначалник на општина Пехчево**
9. **ЗАХИР БЕКТЕШИ, Претседател на совет на општина Чаир**
10. **ФАТМИР ИЗАИРИ, Градоначалник на општина Желино**
11. **ЗИЈАДИН СЕЛА, Градоначалник на општина Струга**

Предлогот беше едногласно усвоен.

ОДЛУКА 2: Управниот Одбор на ЗЕЛС го избра следниот состав на делегати и нивни заменици во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.

**ДЕЛЕГАТИ:**

1. **ИВИЦА КОНЕВСКИ, Градоначалник на општина Аеродром**
2. **РАТКО ДИМИТРОВСКИ, Градоначалник на општина Кочани**
3. **ПЕТРЕ ЛАТИНОВСКИ, Градоначалник на општина Бутел**
4. **ИВАН ФРАНГОВ, Градоначалник на општина Гевгелија**
5. **ГОРГИ ДАМЧЕВСКИ, Градоначалник на општина Крушево**
6. **ГОКО СТРЕЗОВСКИ, Градоначалник на општина Ресен**
7. **ЛАЗАР КОТЕВСКИ, Градоначалник на општина Новаци**
8. **БЕКИМ МУРАТИ, Градоначалник на општина Сарај**
9. **ХИСЕН ЦЕМАИЛИ, Претседател на совет на општина Тетово**
10. **ХАЗБИ ИДРИЗИ, Градоначалник на општина Боговиње**
11. **АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ, Градоначалник на општина Центар**

**ЗАМЕНИЦИ-ДЕЛЕГАТИ:**

1. **АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ, Градоначалник на општина Крива Паланка**
2. **МИЛОСИМ ВОЈНОВСКИ, Градоначалник на општина Македонски Брод**
3. **САШО НИКОЛОВ, Градоначалник на општина Радовиш**
4. **ВАНЧО СТОЈАНОВ, Градоначалник на општина Василево**
5. **БОРЧЕ МИТЕВСКИ, Градоначалник на општина Петровец**
6. **СТЕВЧЕ ТРПКОВСКИ, Градоначалник на општина Сопиште**
7. **ЦВЕТОМИР УГРИНОВСКИ, Градоначалник на општина Вевчани**
8. **ИГОР ПОПОВСКИ, Градоначалник на општина Пехчево**
9. **ЗАХИР БЕКТЕШИ, Претседател на совет на општина Чаир**
10. **ФАТМИР ИЗАИРИ, Градоначалник на општина Желино**
11. **ЗИЈАДИН СЕЛА, Градоначалник на општина Струга**

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Избор на делегати во Генералното собрание на НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти во југоисточна Европа).

Управниот одбор ги предложи следниве членови за делегати во Генералното собрание на НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти во југоисточна Европа):

Делегати:

1. **г. Коце Трајановски,** Градоначалник на **Град Скопје**
2. **г. Невзат Бејта,** Градоначалник на општина **Гостивар**

Заменици на делегатите:

1. **Борче Стамов,** Градоначалник на општина **Дојран**
2. **Бајрам Кадрија ,** Градоначалник на општина **Врапчиште**

Предлогот беше едногласно усвоен.

ОДЛУКА 3: Претставници на ЗЕЛС, делегати во Генералното собрание на НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти во југоисточна Европа) се избираат:

Делегати:

1. **г. Коце Трајановски,** Градоначалник на **Град Скопје**
2. **г. Невзат Бејта,** Градоначалник на општина **Гостивар**

Заменици на делегатите:

1. **Борче Стамов,** Градоначалник на општина **Дојран**
2. **Бајрам Кадрија ,** Градоначалник на општина **Врапчиште**

ПЕТТА ТОЧКА: Избор на членови на Комитетот за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија

Управниот одбор ги предложи следниве членови за претставници на ЗЕЛС во Комитетот за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија

1. **Ивица Коневски,** Градоначалник на општина **Аеродром**
2. **Зоран Дамјановски,** Градоначалник на општина **Куманово**
3. **Изет Меџити,** Градоначалник на општина **Чаир**

ОДЛУКА 4: Претставници на ЗЕЛС во Комитетот за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија се избираат:

1. **Ивица Коневски,** Градоначалник на општина **Аеродром**
2. **Зоран Дамјановски,** Градоначалник на општина **Куманово**
3. **Изет Меџити,** Градоначалник на општина **Чаир**

ШЕСТА ТОЧКА: Избор на членови на Комитет на советите при ЗЕЛС;

Околу оваа точка Управниот одбор на ЗЕЛС даде задача на стручната служба на ЗЕЛС да организира координативен состанок на Претседателите на советите од општините во кои градоначалникот е претседател на регионот, кои понатаму по примерот на избор на претставници на Комитетот на советите од претходниот состав ќе го договарат составот на Комитетот на советите при ЗЕЛС, а во согласност со одредбите на Статутот на ЗЕЛС

ЗАКЛУЧОК 2: Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да организира координативен состанок со претседателите на советите од општините во кои градоначалникот е претседател на регионот, заради комплетирање на составот на Комитетот на советите при ЗЕЛС, а во сoгланост со одредбите од Статутот на ЗЕЛС.

СЕДМА ТОЧКА: Усвојување на текстот на Меморандумот за соработка со Комисија за слободен шристап до информации од јавен карактер;

Иницијативата за соработка дојде од страна на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен каратер. Со одредбите на Меморандумот се предлага развој на меѓусебната соработка од подрачјето на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во насока на одржување на континуирани обуки на градоначалници и на други целни групи, како и континуирано одржување на обуки на службените лица во единиците на локалната самоуправа кои директно учествуваат во спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и се задолжени за посредување со информации од јавен карактер.

ЗАКЛУЧОК 3: Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои текстот на Меморандумот за соработка со Комисија за слободен пристап до информации од јавен карактер.

ОСМА ТОЧКА: Иницијатива за соработка на компанија од Холандија со општини од Македонија, на тема Интегрирано урбанистичко планирање;

Управниот одбор ја рагледа Иницијативата која претходно од страна на стручната служба на ЗЕЛС беше доставена до сите општини на разгледување. Веќе неколку општини имаат изразено интерес за соработка.

ЗАКЛУЧОК 4: Управниот одбор на ЗЕЛС даде позитивно мислење за иницијативата за соработка и ја задолжи стручната служба на ЗЕЛС да стапи во контакт со Министерството за надворешни работи за понатамошните чекори за соработка по оваа иницијатива.

ДЕВЕТТА ТОЧКА: Иницијатива за соработка на општините со Полска стопанска комора;

Претседателот на ЗЕЛС информираше за состанок реализиран со Полскиот амбасадор во Република Македонија од каде произлегла иницијатива за соработка со Полска стопанска комора.

ЗАКЛУЧОК 5: Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да ја проследи иницијативата за соработка до сите општини на РМ.

ДЕСЕТТА И ЕДИНАЕСТА ТОЧКА: Усвојување на текстот на договорот помеѓу ЗЕЛС и ОРФ за реализација на проектот БФЦ – СЕЕ (Бизнис пријателска сертификација) и Усвојување на текстот на договорот помеѓу ЗЕЛС и ССК за реализација на проектот БФЦ – СЕЕ ( Бизнис пријателска сертификација);

Десетата и единаесетата точка заради сличната природа беа наеднаш образложени. Пред Управниот одбор беа претставени одредбите од двата предлог договори, едниот со партнерот од Македонија – Сојуз на стопански комори на РМ за организирање на начинот на функционирање на Националното тело за реализација на Бизнис пријателска сертификација и другиот договор со ОРФ со кој се планира формирање на Регионално тело кое ќе го координира овој процес регионално.

ЗАКЛУЧОК 6: Управниот одбор ги усвои едногласно текстовите на двата предлог договори со што може да се пристапи кон потпишување на истите.

ТОЧКА РАЗНО:

1. **Предлог на општина Свети Николе, Информација за оправданоста за распределување на дел од финансиските средства уплатени по основ на концесија за користење на земјоделското земјиште да бидат изворен приход на општините.**

Предлогот беше образложен од страна на градоначалникот на општина Свети Николе, г-дин Зоран Тасев. Се предлага одвојување на 50% од концесиите за користење на земјоделско земјиште во корист на општините а доколку не постои можност за еднократна исплата истото да биде поделено на 12 еднакви рати или финансиските средства да се преведуваат квартално.

ЗАКЛУЧОК 7: Предлогот е содржан во систематизираните ставови на ЗЕЛС и истиот ќе биде реафирмиран од страна на ЗЕЛС пред Владата на Р.М. и надлежното Министерство.

2. **Закон за полски штети**

Пред Управниот Одбор на ЗЕЛС беше барано да се врати во целост на сила тектот на Законот за полски штети бидејќи општините се ставени во незавидна финансиска состојба при соочување со поплави, штета од добиток или несовесно поведение на сопствениците на соседните земјоделски парцели. Се предлага да се извршат соодветни законски измени со воведување и примена на мандатни казни за полска штета, поради бројните

ситуации кога се оштетени земјоделците, а истата не можат да ја утврдат или надоместат.

ЗАКЛУЧОК 8: Да се достави допис, барање до Министерство за земјоделство на Р.М да се врати во целост на сила Законот за полски штети.

### 3. Корисничко право:

Општините се соочуваат со големи проблеми со отуѓување на земјиштето на кое е засновано корисничко право, како особено изразена карактеристика во голем број општини. Се предлага укинување на оваа категорија на право преку соодветни законски измени и соодветна трансформација во право на закуп. За таа цел се укажува на потребата да се формира комисија од стручни лица од повеќе општини кои ќе ја утврдат содржината на иницијативата.

ЗАКЛУЧОК 9: Да се изготви и достави иницијатива за укинување на правната категоријата “корисничко право” и трансформација во ‘право на закуп”.

### 4. Проблем со акумулирани долгови во образованиeто

ЗЕЛС подолго време се залага за реално надоместување на трошоците во образованието за општините кои особено заради зголемувањето на цените на енергенсите и превозот генерираат долгови.

Во голем број на општини, а особено изразено во општина Кичево, Битола, Куманово генерираните долгови се огромни и достигнуваат неколку милиони денари. Во изминатиот период, ЗЕЛС се обрати до надлежното министерство за образование а за ова прашање е дискутирано и со Владата на Република Македонија, но до сега нема никаква промена на состојбите.

ЗАКЛУЧОК 10: ЗЕЛС бара од Министерството за образование да ги признае реалните трошоци на општините во образованието и да изврши исплата на заостанатите неисплатени износи на средства. Управниот одбор ги задолжува Претседателот, двајцата потпретседатели да остварат средба со Министерот за образвание заради реафирмирање на барањето на ЗЕЛС.

### 5. Закон за железнички сообраќај

Со последните измени на Законот за железнички сообраќај, кој е донесен без консулатација со ЗЕЛС на неколку општини им се доставени фактури за наплата на трошоци за одржување на премините од страна на ЈП Железници. Се бара укинување на оваа новозаснована обврска донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот бидејќи општините нема да можат да ги подмират овие високи суми од каде голем број на општините би биле блокирани.

ЗАКЛУЧОК 11: Да се достави барање до Министеството за транспорт и врски за укинување на оваа новозаснована обврска за општините согласно Законот за железнички сообраќај.

6. **Апанажа за градоначалниците**

Членовите на Управниот Одбор на ЗЕЛС побараа да се реафирмира барањето за исплаќање на апанажа за градоначалниците како што е случај за сите други избрани претставници.

ЗАКЛУЧОК 12: На наредната средба со Владата на РМ да се отвори прашањето за вклучување и на градоначалниците во групата на избрани претставници на кои им се утврдува правото на апанажа.

7. **Префрлување на спортски објекти од страна на Агенцијата за спорт**

Неколку членови на Управниот одбор на ЗЕЛС информираа дека има најава дека од страна на Агенција за спорт за претстојно пренесување на правото на сопственост врз спортските објекти. Притоа постои ризик со истите да се наследат и генерираните долгови и спорни имотно – правни односи. Ставот на УО на ЗЕЛС е дека овие објекти може да бидат преземени само со претходно решени имотно – правни односи, расчистени долгови (за одржување, плати и сл) и со соодвети идни дотации од буџетот на Републиката за нивно тековно одржување.

ЗАКЛУЧОК 13: Управниот одбор на ЗЕЛС апелира при пренос на спортски објекти од Агенција за спорт да се внимава истите да бидат со претходно решени имотно – правни односи, расчистени долгови (за одржување, плати и сл) и со соодвети дотации за нивно одржување

8. **Долгови со ЈП за водовод Кичево**

Градоначалникот на општина Кичево пред членовите на УО на ЗЕЛС го претстави проблемот со функционирање на ЈП за водовод. ЈП е блокирано, општината нема капацитет да ги покрие генерираните долгови. Со припојување на 4-те општини кон Кичево овие долгови се зголемиле уште повеќе. Со припојувањето преставува да важи договорот на ова претпријатие со ЈП Студенчица а со тоа и правата за репрограмирање на долгот. Се бара подршка од ЗЕЛС за решавање на овој проблем.

Со сличен проблем се соочува и општина Куманово. За таа цел се бара да се формира регулаторно тело кое ќе утврди Методологија за цената на водата.

ЗАКЛУЧОК 13: Општината Кичево да се обрати со писмен допис до Владата на РМ и до ЗЕЛС со образложување на проблемот и да се побара итно формирање на регулаторно тело кое ќе утврди Методологија за цената на водата.

**Скопје, 19 септември, 2013 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**